**ПОВИК ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ**

за подготовка на **истражувања (документи за јавни политики)** и **учество во јавни дебати** во рамките на проектот **Дијалози за визија**

## 1. Општи информации

Институтот за европска политика (ЕПИ) во рамките на проектот Дијалози за визија со поддршка од Британската амбасада во Скопје објавува повик за **изработка на истражувачки прикази**/ документи за јавни политики со препораки/опции за политики и **учество во јавни дебати** во следниве тематски области: демократија и владеење на правото, социо-економски развој и социјална кохезија. Се предвидува поддршка на 2 (две) истражувања од секоја област, т.е. вкупно 6 (шест) истражувања.

Општа цел на проектот е зајакнување на дијалогот за клучни прашања со кои се соочува македонското општество, преку креирање политики основани на докази. Проектот ќе внесе живост на веќе воспоставените механизми на консултирање и ќе ја подобри врската помеѓу граѓанскиот сектор и донесувачите на одлуки, притоа унапредувајќи ги демократски процеси во земјата.

## 2. Теми за истражувањата

Истражувањата треба да претставуваат длабинска и систематична анализа на **конкретни прашања и да понудат опции за јавна политики** во следниве три теми:

| |
|---|
| **Област: Демократија и владеење на правото**<br>**Тема: Како да профункционира системот на спреги и кочници (checks and balances) во Република Македонија** |
| **Област: Социо-економски развој**<br>**Тема: Поддршка на локално претприемништво наспроти странски инвестиции** |
| **Област: Социјална кохезија**<br>**Тема: Улогата на локалната власт во (интегрирано) образование во Република Македонија** |

Овој проект е финансиран од страна на Британската амбасада во Скопје

## 3. Јавни дебати (Дијалози за визија)

Истражувачите ќе имаат обврска опциите за јавните политики поддржани од докази да ги претставaт на јавни дебати (Дијалози за визија) во периодот јануари - март 2016 година. Основа за Дијалозите за визија ќе претставуваат истражувачките прикази, **особено понудената визија во темата.**

## 4. Насоки за формирање на тимовите

Право да учествуваат на овој повик имаат тимови на организации и/или индивидуалци кои ќе подготват **документ за јавни политики со јасно дефинирана опција**. Тимовите мора да имаат од 3 до 5 членови. Поттикнуваме формирање на тимови од различни организации. При предложување на тимовите се очекува јасно дефинирање на нивните улоги при подготовка на истражувањето и учество во дебатите. По изборот, ЕПИ ќе обезбеди дополнителна поддршка за спроведувањето на истражувањата и подготовка на дебатите.

## 5. Етички напомени

Истражувачите се обврзуваат коректно да ги наведуваат изворите на податоци во истражувањето. Во случаи на плагијаризам, ЕПИ ќе го раскине договорот со истражувачот/истражувачката и ќе бара поврат на средствата уплатени за истражувањето.

## 6. Спроведување на активностите

Грантовата шема има вкупен фонд од 1 042 454,00 МКД. Максималниот износ за кој можат да аплицираат организациите е 173.742,00 МКД. Истражувањата треба да се спроведат до 31.12.2015 година.

ЕПИ со истражувачите/организациите ќе потпише договор во кој ќе бидат дефинирани меѓусебните права и обврски.

**Исплатата** на грантовите ќе се врши на следниов начин:
**Прва рата** – 50% од целосниот грант по потпишувањето на договорите;
**Втора рата** – 50% по спроведување на договорот.

Големината на документите за јавна политика не треба да надминува 7000 зборови (без анекси и библиографија).

Временска рамка на активностите во проектот:

| | |
|---|---|
| 19 ноември 2015 година | Потпишување на договорите |
| 19 ноември - 31 декември 2015 година | Истражувања |
| 1 јануари - 20 јануари 2015 година | Меѓународна рецензија |

| | |
|---|---|
| декември/јануари 2016 година | Обука за презентирање (презентациски вештини) |
| 15 јануари - 15 март година | Дебати (Дијалози за визија) |

## 7. Начин на пријавување и избор

За пријавување за учество тимовите треба да достават формулар за пријавување и кратки биографии на членовите на тимот со **јасно дефинирани улоги согласно точка 4 од овој повик.**

Документите за пријавување (**формуларот во прилог и CV на тимот**) ве молиме да ги доставите на емаил адресите **simonida.kacarska@epi.org.mk** и **angel.mojsovski@epi.org.mk најдоцна до 16 ноември 2015 година.** За дополнителни прашања ЕПИ ви стои на располагање на горенаведените адреси како и телефонскиот број 02/3280100. Изборот на авторите ќе го врши проектниот тим, врз основа на искуството и понудената методологија од страна на кандидатите за автори/дебатери.

**За заинтересираните кандидати ЕПИ организира отворен ден за прашања и одговори поврзани со овој повик на 12 ноември (четврток) од 11-13 часот во просториите на ЕПИ. Пријавување е задолжително и ве молиме да го најавите на** 02/3280100 и на мејл адресата **angel.mojsovski@epi.org.mk.**